ТТК БАНКА

На барање на Народна банка на Република Северна Македонија, Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје изврши корекции во Предлог – одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје и истата заедно со Образложението за направените корекции е во проделжение.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 14.1.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-3712/2 од 2.5.2024 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1.Во член 8 став 1, по алинејата 18 се додава нова алинеја 19 која гласи ”маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување”.

Алинеите 18,19,20,21 и 22 стануваат алинеи 19,20,21,22 и 23.

2. Во членот 43 став 5, зборовите “и на Одборот за ревизија” се бришат.

3. Во член 53 став 3, точка 10, по зборот “годишниот” се додаваат зборовите: ”и стратешкиот”.

4. Во член 65 став 6, алинеја 3 се брише.

5.Во членот 74 став 2, кратенката “ОСИС” се заменува со “Служба за сигурност на информативен систем”.

6.Во член 77 став 2, по зборовите “раководител на служба” се става точка, а зборовите “и ОСИС – лицето за безбедност на информативниот систем” се бришат.

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето на претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

______________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**на потребата за имени и дополнување на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје**

Надзорниот одбор на седницата одржана на 29.11.2024 година утврди Предлог – Одлука за измени и дополнување на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје (пречистен текст) заведена под бр. бр. 02-9314/3 од од 29.11.2024 година. По доставување на потребната документација до Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за добивање на претходна согласност за измени и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје, се укажа потребата од измена на Предлог Одлуката во насока на дополнително усогласување во надлженостите при одлучување за отворање и затворање на организационите делови на Банката.

Во таа насока се врши бришење на алинеја 3 од член 65, став 6, со која измена, одлуката за отворање и затворање на организациони делови на Банката, е во надлежност на Надзорниот одбор на предлог на Управниот одбор, како што е дефинирано во член 36 од Стаутот на Банката.

Покрај ова, со Предлог Одлуката се опфатени и измените и дополнувањата на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје (пречистен текст) коишто се однесуваат во делот на финасиска активност и организациони промени и тоа:

Во членот 8 од Статутот се додава нова финансиска активност во активностите на Банката, односно “маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување”.

За таа цел Банката отпочна постапка и доби претходна согласност Решение бр. 15-26604/5 од 17.10.2024 година од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Макединија, за вршење на финасиската активност “маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување”.

Организационите промени се однесуваат на формирање на Служба за сигурност на информативен систем опфатено во чл.74 и 77 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

Со овие измени и дополнувања направени се и други измени во текстот на Статутот во насока на негово унапредување, прецизирање и појаснување на одредби и целосно усогласување со позитивната регулатива.

Согласно наведеното се наметна потребата за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

**Управен одбор**